**ЗАПИСНИК**
**од дванаесеттата седница на Совет на Општина Гевгелија**
**одржана на 19.07.2022 година**

На дванаесеттата седница на Советот на општината што се одржа со почеток во 10 часот присуствуваа 19 членови на Советот : Патрик Матх, Миле Атанасов, Ѓорге Попов, Билјана Демерџиева, Елена Хаџи-Николова, Тодор Ристов, Надица Ристовски, Сашко Стојиловски, Софија Тошева-Раманчева, Томе Ќичуков, Слаѓана Стаменковска, Сашко Јанчев, Виктор Кралев, Златко Митров, Елизабета Сивова, Андријана Бегова, Сашко Проданов, Александар Пандовски и Петар Апостолов од вкупно 19 членови колку што брои Советот.

Покрај членовите на Советот на седницата беа поканети и присуствуваа: **Андон Сарамандов Градоначалник на Општина Гевгелија , Лилјана Кичукова вработена во општината ,Ирена Томчева вработена во општината, Весна Хаџикојчева вработена во општината,Тони Николов вработен во општината , Филип Филиповски претседател на Комисијата за проценка на штета, Марина Коцирова вработена во ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија, Боне Стеваноски директор на ЈЗУ Психијатриска болница Негорци, Сашка Карајанова психолог во Центарот за социјални работи – Гевгелија, Тодор Тошев вработен во општината и Мирјана Гелебешова вработена во општината.**

Откако констатираа дека постои кворум за полноважно одлучување, Претседателот на Совет ја отвори дванаесеттата седница на Совет на Општина Гевгелија.

Претседателот на Совет го стави записникот од единаесеттата седница на разгледување.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Совет го стави на гласање записникот од единаесеттата седица и **Советот едногласно го усвои.**

За работа на дванаесеттата седница на Совет ,е предложен следниот

**ДНЕВЕН РЕД:**

1.Предлог-Одлука за пренамена на Буџетот на Општина Гевгелија за 2022 година,

2.Предлог-Програма за измена и дополнување на Програмата за финансирање на спортски активности во општина Гевгелија за 2022 година,

3.Предлог-Одлука за долгорочно домашно задолжување на Општина Гевгелија,

4.Предлог-Одлука за давање согласност на измената и дополнувањето на Годишниот план за вработување во Општина Гевгелија за 2022 година,

5.Предлог-Заклучок за прифаќање на Предлогот за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гевгелија и Општина Богданци,

6.Предлог-Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гевгелија и Општина Богданци,

7.Предлог-Заклучок за усвојување на Елаборатот за проценка на штета од природна непогода во населените места – невреме проследено со дожд и град што ги зафати населените места Серменин, Ново Конско и Моин на 23.06.2022 год.

8.Предлог-Одлука за објавување на огласите за вработување и на намерата за склучување договори за дело на веб и ФБ страната на Општина Гевгелија,

9.Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на Урбанистичко планска документација за с.Серменин (КП бр.1657/2 КО Серменин) (барател: Александар Патиров од Гевгелија),

10.Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на Урбанистичко планска документација за с.Серменин (КП бр.1659 КО Серменин) (барател: Фотка Трифуновска-Караниколова од Гевгелија),

11.Предлог-Одлука за утврдување потреба за прифаќање на иницијатива од барателот за изработка на Урбанистички план за село (УПС) (КП бр.1016/1 КО Петрово) (барател: Благој Ризов од Гевгелија),

12.Предлог-Одлука за утврдување потреба за прифаќање на иницијатива од барателот за изработка на Урбанистички проект (УП) (КП бр.1911/1 КО Миравци вон град) (барател: Арлаќ Ѓоргиев од Миравци),

13.Предлог-Одлука за утврдување потреба за прифаќање на иницијатива од барателот за промена на намената во Урбанистички план за село Милетково (УПС) (КП бр.209 КО Милетково), (баратели: Никола Ристовски и Јосиф Ристовски од Гевгелија),

14.Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за распоредување на нето добивка од 2021 година на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија,

15.Информација за состојбата со употребата на наркотици и психотропни супстанци кај младите во општина Гевгелија.

16.Информација за состојбата со јавното осветлување во населените места во општина Гевгелија,

17.Информација за состојбата со авто-такси превозот на патници во општина Гевгелија.

Претседателот на Совет отвори претрес по предложениот дневен ред :

**Миле Атанасов член на Совет** – Во име на Советничката група на СДСМ и коалицијата побара точката под реден број 3 "Предлог-Одлука за долгорочно

домашно задолжување на Општина Гевгелија" да биде симнета од Дневен ред бидејќи материјалите по оваат точка биле доставени во текот на вчерашниот ден и советниците немале време да ги разгледат сите технички специфики наведени во нив.Исто така советникот побара да биде симнета од Дневен ред и точка под реден број 12 " Предлог-Одлука за утврдување потреба за прифаќање на иницијатива од барателот за изработка на Урбанистички проект (УП) (КП бр.1911/1 КО Миравци вон град) (барател: Арлаќ Ѓоргиев од Миравци)" бидејќи на Комисиите од претставникот на општинската администрација не добиле конкретен одговор за посочениот предмет.Исто така советникот напомена дека и на оваа седница сеуште немаат добиено одговор на поднесеното барање за информации кој е доставено уште на 1 Јуни.

Претседателот на Совет го стави на гласање предлогот на советникот Миле Атанасов точката под реден број 3 да се симне од Дневен ред и **Советот со 7 гласа за ,11 против и 1 воздржан не го усвои .**

Претседателот на Совет го стави на гласање предлогот на советникот Миле Атанасов точката под реден број 12 да се симне од Дневен ред и **Советот едногласно го усвои .**

Претседателот на Совет го стави на гласање Дневниот ред со измените и **Советот со 12 гласа за и 7 воздржани го усвои .**

Потоа се мина на работа по усвоениот Дневен ред:

**Точка 1**. **Предлог-Одлука за пренамена на Буџетот на Општина Гевгелија за 2022 година.**

Претседателот на Совет отвори претрес по точките 1 и 2.

**Во расправата по точките учествуваа: Лилјана Кичукова вработена во општината,Билјана Демерџиева,Томе Ќичуков,Виктор Кралев,Тодор Ристов и Елизабета Сивова членови на Совет и Андон Сарамандов Градоначалник на Општина Гевгелија.**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Одлуката за пренамена на Буџетот на Општина Гевгелија за 2022 година и **Советот со 12 гласа за и 6 воздржани ја усвои .**

**Точка 2. Предлог-Програма за измена и дополнување на Програмата за финансирање на спортски активности во општина Гевгелија за 2022 година.**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Програмата за измена и дополнување на Програмата за финансирање на спортски активности во општина Гевгелија за 2022 година и **Советот со 12 гласа за и 7 воздржани ја усвои .**

**Точка 3. Предлог-Одлука за долгорочно домашно задолжување на Општина Гевгелија**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Одлуката за долгорочно домашно задолжување на Општина Гевгелија

**Во расправата по точките учествуваа: Лилјана Кичукова вработена во општината, Ирена Томчева вработена во општината,Томе Ќичуков , Софија Тошева-Раманчева ,Билјана Демерџиева ,Сашко Стојиловски,Тодор Ристов и Миле Атанасов членови на Советот .**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Одлуката за долгорочно домашно задолжување на Општина Гевгелија и **Советот со 10 гласа за и 9 воздржани ја усвои .**

**Точка 4. Предлог-Одлука за давање согласност на измената и дополнувањето на Годишниот план за вработување во Општина Гевгелија за 2022 година.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Одлуката за давање согласност на измената и дополнувањето на Годишниот план за вработување во Општина Гевгелија за 2022 година.

**Во расправата по точката учествуваа: Весна Хаџикојчева вработена во општината, Петар Апостолов ,Елизабета Сивова и Тодор Ристов членови на Советот .**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Одлуката за давање согласност на измената и дополнувањето на Годишниот план за вработување во Општина Гевгелија за 2022 година и **Советот со 11 гласа за ,7 против и 1 воздржан ја усвои .**

**Точка 5. Предлог-Заклучок за прифаќање на Предлогот за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гевгелија и Општина Богданци.**

Претседателот на Совет отвори претрес по точките 1 и 2.

**Во расправата по точките учествуваа: Тони Николов вработен во општината.**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Заклучокот за прифаќање на Предлогот за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гевгелија и Општина Богданци и **Советот едногласно го усвои .**

**Точка 6. Предлог-Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гевгелија и Општина Богданци.**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гевгелија и Општина Богданци и **Советот едногласно ја усвои .**

**Точка 7. Предлог-Заклучок за усвојување на Елаборатот за проценка на штета од природна непогода во населените места – невреме проследено со дожд и град што ги зафати населените места Серменин, Ново Конско и Моин на 23.06.2022 год.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Заклучокот за усвојување на Елаборатот за проценка на штета од природна непогода во населените места – невреме проследено со дожд и град што ги зафати населените места Серменин, Ново Конско и Моин на 23.06.2022 год.

**Во расправата по точките учествуваа: Филип Филиповски претседател на Комисијата за проценка на штета.**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Заклучокот за усвојување на Елаборатот за проценка на штета од природна непогода во населените места – невреме проследено со дожд и град што ги зафати населените места Серменин, Ново Конско и Моин на 23.06.2022 год. и **Советот едногласно го усвои .**

**Точка 8. Предлог-Одлука за објавување на огласите за вработување и на намерата за склучување договори за дело на веб и ФБ страната на Општина Гевгелија.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Одлуката за објавување на огласите за вработување и на намерата за склучување договори за дело на веб и ФБ страната на Општина Гевгелија.

**Во расправата по точката учествуваа: Сашко Јанчев и Билјана Демерџиева членови на Советот**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Одлуката за објавување на огласите за вработување и на намерата за склучување договори за дело на веб и ФБ страната на Општина Гевгелија и **Советот едногласно ја усвои.**

**Точка 9. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на Урбанистичко планска документација за с.Серменин (КП бр.1657/2 КО Серменин) (барател: Александар Патиров од Гевгелија).**

Претседателот на Совет отвори претрес точките 9,10,11 и 13.

**Во расправата по точката учествуваа: Ирена Томчева вработена во општината.**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Одлуката за утврдување потреба од донесување на Урбанистичко планска документација за с.Серменин (КП бр.1657/2 КО Серменин) (барател: Александар Патиров од Гевгелија) и **Советот со 15 гласа за и 1 воздржан ја усвои.**

**Точка 10. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на Урбанистичко планска документација за с.Серменин (КП бр.1659 КО Серменин) (барател: Фотка Трифуновска-Караниколова од Гевгелија)**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Одлуката за утврдување потреба од донесување на Урбанистичко планска документација за с.Серменин (КП бр.1659 КО Серменин) (барател: Фотка Трифуновска-Караниколова од Гевгелија), и **Советот со 15 гласа за и 1 воздржан ја усвои.**

**Точка 11. Предлог-Одлука за утврдување потреба за прифаќање на иницијатива од барателот за изработка на Урбанистички план за село (УПС) (КП бр.1016/1 КО Петрово) (барател: Благој Ризов од Гевгелија).**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Одлуката за утврдување потреба за прифаќање на иницијатива од барателот за изработка на Урбанистички план за село (УПС) (КП бр.1016/1 КО Петрово) (барател: Благој Ризов од Гевгелија), и **Советот со 15 гласа за и 1 воздржан ја усвои.**

**Точка 13. Предлог-Одлука за утврдување потреба за прифаќање на иницијатива од барателот за промена на намената во Урбанистички план за село Милетково (УПС) (КП бр.209 КО Милетково), (баратели: Никола Ристовски и Јосиф Ристовски од Гевгелија).**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Одлуката за утврдување потреба за прифаќање на иницијатива од барателот за промена на намената во Урбанистички план за село Милетково (УПС) (КП бр.209 КО Милетково), (баратели: Никола Ристовски и Јосиф Ристовски од Гевгелија) и **Советот со 15 гласа за и 1 воздржан ја усвои.**

**Точка 14. Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за распоредување на нето добивка од 2021 година на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Решението за давање согласност на Одлуката за распоредување на нето добивка од 2021 година на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија

**Во расправата по точката учествуваа: Марина Коцирова вработена во ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија.**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за давање согласност на Одлуката за распоредување на нето добивка од 2021 година на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија и **Советот со 16 гласа за и 2 не гласале поради судир на интереси ја усвои.**

**Точка 15. Информација за состојбата со употребата на наркотици и психотропни супстанци кај младите во општина Гевгелија.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Информацијата за состојбата со употребата на наркотици и психотропни супстанци кај младите во општина Гевгелија.

**Во расправата по точката учествуваа: Боне Стеваноски директор на ЈЗУ Психијатриска болница Негорци, Сашка Карајанова психолог во Центарот за социјални работи - Гевгелија, Тодор Ристов, Андријана Бегова,Слаѓана Стаменковска и Елена Хаџи-Николова членови на Совет.**

Претседателот на Совет како заклучок од оваа информација предложи да се задолжи Советот за превенција да се состане ,детално да ја анализира состојбата ,да инволвира повеќе страни пред се да се инвилвираат школите и треба да се дојде до заклучок стратегија како да се надмине и подобри оваа состојба.

**Точка 16. Информација за состојбата со јавното осветлување во населените места во општина Гевгелија.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Информацијата за состојбата со јавното осветлување во населените места во општина Гевгелија.

**Во расправата по точката учествуваа: Тодор Тошев вработен во општината.**

**Точка 17. Информација за состојбата со авто-такси превозот на патници во општина Гевгелија.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Информацијата за состојбата со авто-такси превозот на патници во општина Гевгелија

**Во расправата по точката учествуваа: Мирјана Гелебешова вработена во општината.**

Бидејќи Дневниот ред беше исцрпен Претседателот на Совет ја затвори дванаесеттата седница на Советот на Општина Гевгелија.

**Записничар,**
**Благој Картов**

**Претседател**
**на Совет на Општина Гевгелија**
**Патрик Матх**